# I. Економски движења во Република Македонија

**Основни индикатори за економските движења**

| | | Износ | Тековен месец / претходен месец | Тековен месец / ист месец од претходна година | Период / ист период од претходна година |
|---|---|---|---|---|---|
| | месец | | во % | | |
| **Трошоци на животот** | VII.2003 | - | -0,2 | 2,3 | 0,6 |
| **Цени на мало** | VII.2003 | - | 0,1 | 3,1 | 2,1 |
| **Цени на производители на индустриски производи** | VII.2003 | - | 0,1 | -1,0 | 0,1 |
| **Индустриско производство** | VII.2003 | - | 6,2 | 15,3 | 5,2 |
| | | во денари | | | |
| **Номинална просечна нето плата** | VI.2003 | 11.860 | 0,5 | 5,7 | 6,7 |
| **Реална просечна нето плата** | VI.2003 | - | 1,4 | 4,9 | 6,4 |
| | | во милиони денари | | | |
| **Буџетски приходи** | VII.2003 | 5.779 | 11,6 | -5,1 | -6,7 |
| **Буџетски расходи** | VII.2003 | 5.200 | -1,0 | -31,1 | -11,8 |

Извор: Државен завод за статистика и Министерство за финансии.

## 1.1. Цени

***Вообичаен сезонски пад на трошоците на животот во јули 2003 година (за 0,2% на месечна основа)...***

Во јули 2003 година продолжија дефлаторните движења во македонската економија кои беа регистрирани во претходниот месец. Така, трошоците на животот во јули беа пониски за 0,2% на месечна основа, што претставува нивна вообичаена сезонска динамика регистрирана и во изминатите години. Месечниот пад е детерминиран од пониските трошоци за исхрана (за 1,7%), поради сезонски намалените цени на земјоделските производи. Од друга страна, забележителен е порастот на трошоците за домување од 3,2% (поради зголемената цена на електричната енергија за домаќинствата, со отпочнатата примена на повисоката стапка на ДДВ на оваа категорија) и порастот на трошоците кај категоријата тутун и пијалоци од 1,1% (поради зголемените цени на алкохолните и безалкохолните пијалоци). Месечната стапка на дефлација не влијаеше на меѓугодишната и просечната стапка на инфлација, кои во јули 2003 година изнесуваа 2,3% и 0,6%, соодветно (највисоки стапки регистрирани од почетокот на 2003 година).

Графикон 1
Трошоци на животот
(во %)




***...при истовремен минимален месечен пораст на цените на мало од 0,1%***

Индексот на трошоците на животот и индексот на цените на мало, во најголем број на случаи се движат во иста насока. Меѓутоа, во јули 2003 година цените на мало оствари минимален месечен пораст од 0,1%, наспроти скромниот месечен пад на трошоците на животот. Тоа се должи на порастот на цените на непрехранбените-индустриски производи, пијалоците и индустриско-прехранбените производи, кој во голема мерка беше неутрализиран со високиот сезонски пад на цените на земјоделските производи. Така, цените на непрехранбените-индустриски производи остварија пораст од 2,0% на месечна основа, кој главно се должи на повисоката цена на електричната енергија за домаќинствата од 7,2%. Зголемувањето на цените на пијалоците е условено од повисоките цени на безалкохолните пијалоци (за 2,4%) и алкохолните пијалоци (за 1,7%). Од друга страна, падот на цените на земјоделските производи од 13,6% се должи на сезонски пониските цени на зеленчукот за 31,1%, наспроти порастот на цените на овошјето од 11,8%. На годишна основа и во просек цените на мало беа повисоки за 3,1% и 2,1%, соодветно, што во основа се должи на повисокиот пораст на цените на услугите од порастот на цените на стоките.

Графикон 2
Цени на мало
(во %)




*Минимален месечен пораст од 0,1% на цените на производителите на индустриски производи во јули 2003 година...*

Цените на производителите на индустриски производи во јули 2003 година остварија минимален месечен пораст од 0,1%. Анализирано според намена, месечна промена е регистрирана само кај цените на производителите на енергија (пораст од 2,0%) и кај цените на производителите на нетрајни производи за широка потрошувачка (пад од 1,1%), со оглед на непроменетоста на цените кај останатите групи на производи. Секторски анализирано, цените во преработувачката индустија се зголемени за 0,1% на месечна основа, додека во останатите два сектора тие се на нивото од претходниот месец. Порастот на цените во преработувачката индустија се должи на зголемените цени на производителите на нафта и нафтени деривати за 5,9%, наспроти падот на цените на производителите на тутунски производи за 1,5%. Во останатите 16 гранки од преработувачката индустрија цените на производителите се на нивото од претходниот месец.

Графикон 3
Цени на производителите на индустриски производи
(во %)




*...и постепено опаѓање на просечната стапка на пораст*

На годишна основа, цените на производителите на индустриски производи беа пониски за 1,0%, додека во просек тие беа повисоки за 0,1%. Просечната стапка на пораст на цените на производителите на индустриски производи во првите седум месеци од годината беше под влијание на зголемените цени на производителите на енергијата, кои се условени од повисоките цени на производителите на нафтените деривати и анализирано од почетокот на годинава, бележи постепено опаѓање.